Националната кампања против дрогите е дел од *Националната стратегија за борба против дрогите 2004-2009* и особено е насочена кон тоа кај младите Австралијци да го намали поттикот да користат недозволени droги со тоа што ќе го зголеми нивното знаење за можните негативни последици од користењето на дроги.

Оваа фаза од кампањата е осмислена да придонесе за намалување на употребата на екстаза, марихуана, метамфетамини (ајс) и други недозволени дроги меѓу младите Австралијци, со тоа што ќе ја зголеми свеста за штетите што се поврзани со користењето на дроги и ќе ги поттикне и поддржи одлуките да не се користат дроги. Таа исто така ќе ги поттикне младите луѓе што користат недозволени дроги уште еднаш да размислат за таквото користење и ќе ги насочи кон соодветни служби за поддршка, советување и лекување.

Кампањата исто така ќе се надгради на резултатите од претходните активности за спречување на користењето на дроги на Националната кампања против дрогите за да ги засили негативните ставови за недозволените дроги, вклучувајќи ги метамфетамините, со помош на реклами, дејствување во јавноста, активности на интернет и информативни материјали.

*Националната стратегија за борба против дрогите 2004-2009* е главната политичка рамка ширум цела Австралија за справување со проблемите во врска со **дозволените и** недозволените дроги на ниво на целата земја. Во нејзините рамки се развиени иницијативите на стратегијата што се насочени кон справување со опасностите од злоупотребата на алкохол и тутун. Иако деловите од стратегијата што се однесуваат на алкохолот и на тутунот се опфатени со посебни иницијативи, информации може да се добијат преку следните врски:

Национална кампања против алкохолот

Национална кампања против тутунот